*Врз основа на **член 11** од Законот за бесплатна правна помош ("Службен весник на РСМ" бр.101/19 од 22.05.2019г.), министерството за правда објавува*

***ЈАВЕН КОНКУРС***
***за доделување на финансиски средства за давање на примарна правна помош од страна на овластени здруженија и правни клиники***

## *1. ПРЕДМЕТ НА КОНКУРСОТ*

*Предмет на јавниот конкурс е доделување финансиска подршка на овластени здруженија и правни клиники кои обезбедуваат примарна правна помош согласно Законот за бесплатна правна помош.*

*Целта на конкурсот е да се обезбеди еднаков пристап до правна помош за сите граѓани на Република Северна Македонија согласно одредбите од Законот за бесплатна правна помош.*

*Приоритети на конкурсот се: Обезбедување на рамноправна распространетост на бесплатната правна помош во сите плански региони, обезбедување на примарна правна помош на ранливите групи граѓани.*

*Овластените здруженија/правни клиники може меѓусебно да соработуваат и да поднесат заеднички проект. Едно/а здружение/правна клиника може да поднесе само еден проект како носител, а може да биде партнер на повеќе проекти.*

*Право на учество на јавниот конкурс немаат здруженија/правни клиники кои за истиот проект и за исти активности добиле финансиска поддршка од друг извор.*

## *2. ВКУПЕН ИЗНОС НА СРЕДСТВА*

*Средства кои ќе бидат доделни како надоместок за давање на примарна правна помош од страна на избраните овластени здруженија и правни клиники е во **вкупен износ од 1.000.000,00 денари***

*Буџетот за еден проект не смее да го надмине износот од 200.000,00 денари*

## *3. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ*

1. *Пополнета пријава на овластеното здружение, односно правната клиника, согласно образецот даден во правилникот објавен во Слубен Весник на СРМ бр. 199/19)*
2. *Пополнет Предлог-буџет во кој јасно се дефинирани буџетските линии и средствата потребни за имплементација на проектните активности*
3. *Годишен извештај за работата на здружението/правната клиника за минатата година;*
4. *Портфолио за спроведени активности од бесплатна правна помош;*

5. *Кратка биографија на правникот кој е вработен, односно ангажиран да ја обезбедува примарната правна помош/менторот – раководителот на правната клиника;*
6. *Изјава за партнерство (незадолжително, само доколку има партнери запишани во регистарот согласно Законот за бесплатна правна помош)*
7. *Изјава за непостоење на двојно финансирање*

4. *РОКОВИ И НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА*

*Траење на јавниот конкурс е 30 дена од денот на објавувањето на ВЕБ страната на министерството во кое е наведен датумот на објавување.*

*Заинтересираните здруженија и правни клиники пријавите ги доставуваат преку архивата на Министерството за правда на адреса „ Димитрие Чуповски бр.9 Скопје, во затворен плик, со назнака „ Пријава за Јавен конкурс за доделување на финансиски средства за давање на примарна правна помош од страна на овластени здруженија и правни клиники – да не се отвара“. Ќе бидат разгледани само комплетните и навремени апликации поднесени од овластени здруженија и правни клиники за обезбедување на примарна правна помош согласно Законот за бесплатна правна помош. Доставените прилози не се враќаат.*

*Комисијата за распределба на средства на овластени здруженија и правни клиники за давање на примарна правна помош во рок од 30 дена по истекот на рокот за поднесување на пријавите, изготвува и доставува мислење до министерот за правда во кое е наведена ранг-листата на сите прифатливи пријави.*

*Министерот за правда по добивањето на мислењето донесува решение за доделување на средства согласно јавниот конкурс.*

*Во рок од 30 дена од правосилноста на Решението министерот за правда склучува договор со здруженијата односно правните факултети со кои се уредуваат меѓусебните права и обврски.*

5. *Временски период во кој се вршат проектните активности*

*Временски период во кој се врши имплементација на одобрените проекти е до 1.12.2020.*

6. *Критериум за доделување на финансиски средства се:*

- ***општествената корист од предложениот проект за давање примарна правна помош преку јасни и остварливи цели и резултати - 20 бода,***
- ***проценка на усогласеноста на проектните цели, кои се состојат во олеснување на пристапот до правда, со приоритетите утврдени во јавниот конкурс како и начинот на кој што обезбедената примарна***

***правна помош ќе овозможи остварување на правата на оние за кои е наменета - 20 бода***

- ***искуството во обезбедувањето на примарна правна помош на здружението, односно правната клиника, како и на лицата кои ќе ја обезбедуваат – 20 бода,***
- ***подрачјето на кое ќе се дава примарна правна помош со цел рамномерна регионална достапност - 30 бода,***
- ***јасно дефинираните цели, активности и целни групи – 20 бода и***
- ***оправданост и висина на предвидените трошоци за обезбедување на бесплатната правна помош - 30 бода.***

7. *Видови на предвидени трошоци*

- *Плата за вработен/ангажиран правник во висина од просечна бруто плата во Република Северна Македонија за минатата година за лицето кое обезбедува примарна правна помош;*
- *Хонорар за ангажиран координатор и ментор на Правната клиника;*
- *Кирија и комуналии, доколку Министерството за правда или локалната самоуправа не обезбедиле простор за работа на здружението,кои не смеат да бидат повеќе од 20 % од вкупниот побаран буџет.;*
- *Патни трошоци за посета или придружба на корисниците на примарна бесплатна правна помош;*
- *и други трошоци потребни за имплементација на предложените активности.*

*МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА*